

# ТЕСТИРАЊЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА:

Препознавање и Судско Гонење на Злоупотреба на Човекови Права

од Беа Бодроги
Уредник : Лиам Махони

**Тактички бележник издаден од проектот за Нови тактики на Центарот за жртви на насилство**

NEW Tactics
in Human Rights

**Издадена од**
Центарот за Жртви на Насилство
Проект за Нови Тактики во Човекови Права
717 Еаст Ривер Роад
Миннеаполис, МН 55455 УСА
www.cvt.org, www.newtactics.org

**Уредник на Серијалот Бележници**
Лиам Махони

**© 2003 Center for Victims of Torture**
Ова издание може слободно да се репродуцира во печатена или електронска форма сé додека знакот за авторски права се наоѓа на сите копии.

**Поддршка за Серијалот Тактички Бележници**
Серијалот Тактички Бележници е изработен со поддршка на следниве фондации: Институт на Мир на Соединетите Држави, Националната Филантропска Фондација, Организацијата за Безбедност и Соработка во Европа, Фондација ЗигридРојзинг (претходно познат како Фондација Рубен и ЕлизабетРојзинг), Фондациите на Џон Д. и Кетрин Т. МекАртур и фондациите и индивидуалните донори кои сакаат да останат анонимни.
Додатно, Фондацијата на Кралот Бојдуин овозможи грантови на нашите партнери ИЦАР во Романија за поддршка на регионалните тренинг работилници кои се оддржуваа таму и производство на тактичките бележници од учесниците во работилниците.

Гледиштата изразени во овој извештај не значи дека ги рефлектираат тие на Проектот за Нови Тактики во Човекови Права или неговите фондации. Проектов не застапува конкретни тактики или политики..

# Содржина

Предговор на уредникот ........ 6
Вовед ........ 7
Учење на занаетот од иксуството на Соединетите држави ........ 7
Ситуацијата на Ромите кои живеат во Унгарија ........ 8
Тактика на тестирање ........ 8
Пример: случајот на Лајош Балог ........ 12
Резултати ........ 13
Применување на тактиките во правни случаи ........ 14
Користење на тестирачките тактики на други начини ........ 15
Заклучок ........ 15

NEW Tactics
in Human Rights

The Center for Victims of Torture
New Tactics in Human Rights Project
717 East River Road
Minneapolis, MN 55455 USA
newtactics@cvt.org
www.newtactics.org

*Драг Пријателу-*

*Добредојде во Серијалот Бележници за Нови Тактики во Човекови Права! Во секој бележник, работникот за човекови права опишува тактичка иновација која се покажала како успешна за напреднување на човековите права. Авторите се дел од широко распространетото и колоритно движење за човекови права, вклучувајќи педагози, библиотекари, здравствени работници, законоспроведувачки персонал, и застапници за права на жените. Тие развиле тактики кои што придонеле за човековите права не само во нивните земји. Додатно, тие ги склопиле тактиките така да кога би се примениле во други земји и други ситуации, би посочиле на разни прашања.*

*Секој бележник содржи детални информации како авторот и неговата или нејзината организација го постигнале тоа што го направиле. Ние сакаме да ги инспирираме работниците за човекови права да размислуваат тактички, да се осврнуваат на тактиките кои одбрале да ги имплементираат во нивната поголема стратегија и да ги прошират домените на тактики кои би се земале во предвид за ефикасно напреднување на човековите права.*

*Во овој бележник, авторот демонстрира дека ефикасни тактики можат да се пресликаат и адаптираат на други ситуации во други земји. Бирото за Правна Одбрана на Национални и Етнички Малцинства (НЕКИ) во Унгарија дозна за тестирачка тактика од Американска група која успешно докажа примери на станбена дискриминација со праќање на "тестери" од различни раси да аплицираат за станови. Слична дискриминација исто така се случуваше во Унгарија против Ромската популација- во области на здомување, вработување, пристапност до јавни простори и јавни служби, и слично. НЕКИ ја примени тактиката на тестирање за да ја искористи во својата стратегија на користење тужби за да ги предизвика прекршувањата на човековите права. Не само што оваа тактика се покажа применлива во Унгарија како и во Соединетите Држави, исто така се покажа како ефикасна и во други случаи освен станбена дискриминација.*

*Целиот Серијал Тактички Бележници ќе биде достапен на интернет преку њњњ.нењтацтицс.орг. Додатни бележници ќе продолжат да се додаваат со тек на време. На нашата веб страница исто така ќе можете да најдете и други алатки, вклучувајќи пребарувачка база на податоци за тактики, форум за дискусија со работници за човекови права, и информации за наши работилници и симпозиуми. За да се претплатите на билтенот за Нови Тактики, Ве молиме испратете електронска пошта до newtactics@cvt.org.*

*Проектот за Нови Тактики во Човековите Права е интернационална иницијатива водена од разновидна група на организации и работници од целиот свет. Проектот е координиран од Центарот за Жртви на Насилство (ЦВТ) и произлезе од нашето искуство како центар за создавање на нови тактики и третмани, кој исто така застапува заштита на човековите права од единствена позиција- позиција на заздравување и превземање на градското водство.*

*Се надеваме дека ќе ги доживеете бележницive како информативни и ќе ве поттикнат на размислување.*

*Искрено,*

*Кејт Келш*
*Менаџер на Проектот за Нови Тактики*

## Беа Бодроги

Беа Бодроги работи како адвокат кој работи со случаи на човекови права шест години. Таа магистрирала право на Лондонската Економска Школа, каде што се фокусирала на интернационалната заштита на човекови права, правна регулатива на дискриминација и алтернативни спорни решенија.
Беа работи како застапник за Бирото на Правна Одбрана за Национални и Етнички Малцинства (НЕКИ), спроведувајќи случаи на етничка дискриминација кои се ангажирани околу информативни мисии и пишување извештаи за човекови права (Бели Брошури 1996-2002). Таа исто така има работено на случаи поднесени на Европскиот Суд на Човекови Права, и предава и издава на дискриминациски теми. Освен што работи за НЕКИ, Беа дава предавања за алтернативни спорни решенија на адвокати во Правниот Факултет во Дебресен. Таа е исто така вклучена и во работата на Хелсинкшкиот Комитет и ХАТЕР, Друштво за Поддршка на Хомосексуалци во Унгарија.

## Биро за Правна Одбрана на Национални и Етнички Малцинства (НЕКИ)

НЕКИ има за цел да ги заштити националните и етничките малцинства кои живеат во Унгарија. Организацијата нуди правна помош при случаи на дискриминација базирана на етничко или национално потекло на жртвата, или во случаи на важноста на реализација на правото на законот. Годишниот извештај на НЕКИ, наречен “Бела Брошура”, ги опишува некои од најважните случаи.

**Контакт Информации**

Legal Defense Bureau for National and Ethnic Minorities (NEKI)
MASSAG Foundation
H-1537 Budapest 114, P.O.Box 453/269, Hungary

## Предговор на Уредникот

Овој тактички бележник се фокусира на успешното пресликување на “тестирање” во Унгарија, тактика развиена во Соединетите Држави. Во тестирањето, застапничка организација што добила жалба за дискриминаторски инцидент, веднаш испраќа “тестери” за да го повторат инцидентот. Ако личноста, на пример, е одбиена за работа поради нејзиниот идентитет, “тестерите” се испраќаат веднаш да аплицираат за истата работа и го документираат нивниот третман. Оваа документација ќе биде легитимен доказ на систематската природа на дискриминацијата.

Организациите кои се борат за рамноправно здомување во Соединетите Држави ја развија оваа тактика за да се соочат со дискриминаторската пракса на продажба, позајмување и изнајмување на домови. Бирото за Правна Одбрана на Национални и Етнички Малцинства во Будимпешта ја присвои за да ги брани правата на Ромскиот народ, кој систематски е одбиван од работни места до пристап до ресторани, клубови, или други јавни места.

Каде и да има дискриминација против малцинства, било да е во здомување, вработување или јавен пристап, застапниците често се соочуваат со потешкотии тоа да го докажат на суд. Настанот може да се објасни како “индивидуална грешка”, и често се оправдува како појава од ред други “причини”, специфични за тој контекст. Застапниците кои се соочуваат со ова, често мора да докажат дека не се случил само дискриминаторски акт, туку и дека мотивот позади постапката бил дискриминаторски, и дека дискриминацијата е од систематска природа. Тестирањето е тактика која ја исполнува оваа потреба, овозможувајќи судски процес дури и во правни ситуации кои не охрабруваат анти-дискриминаторски случаи.

Овој бележник не само што ја покажува корисноста на оваа тактика, туку исто така покажува преку пример како тактиките можат да се приспособат во многу различни околности и да се користат успешно во борба за човекови права било каде во светот.

Лиам Махони,<br>уредник на серијалот бележници.

# Вовед

Бирото за Правна Одбрана на Национални и Етнички Малцинства (НЕКИ) е основано во 1994 како одговор на проблемите предизвикани од долготрајните предрасуди против Ромите, најголемото етничко малцинство во Унгарија. НЕКИ работи на документирање дискриминаторски искуства и демонстрирање на отсуство на правна заштита за Ромите. Организацијата била вклучена во случаеви на полициска бруталност, напади на скинхедси, и одбивање на вработување, здомување и јавни служби. Бидејќи дискриминацијата е најчесто суптилна, директни докази се ретки. Превземајќи го методот користен од организациите во Соединетите Држави, НЕКИ користи тестирање за да собере докази со кои може да се соочи со дискриминацијата на суд. Откако Ромска жртва ќе пријави дискриминаторски инцидент на НЕКИ, тестери-Роми и не-Роми се праќаат да го повторат искуството како би се документирало дали инцидентот представува случај на систематска дискриминација, и да се соберат докази за можен судски случај.

Тестирањето е, значи, тактика за собирање на докази кои можат директно да се искористат во правната стратегија на организации како НЕКИ, организации кои се соочуваат со неказнувањето и јавната апатија во врска со распространетиот проблем на расизам и дискриминација.

Процесот е прилично едноставен: кога НЕКИ ќе добие жалба, тестерите се испраќаат на местото на наводната дискриминација. Ако обвинувањата се, на пример, во врска со вработување, тестирањето се врши со испраќање на Ром и не-Ром кои имаат слични карактеристики и квалификации, и се разликуваат пред сé по нивната етничка припадност. Се испраќаат во краток временски интервал во ист ден за да аплицираат за работа. За да споредбата биде јасна, од секој тестер се бара да дејствува во согласност со останатите колеги тестери. Веднаш по завршувањето на тестот, ги документираат своите искуства во прашалник, давајќи детали за сите прашања кои им биле поставени на интервјуто, однесување кон апликантот, и опис на работата, вклучувајќи плата и бенефиции. Координаторот на тестот со овие податоци може да процени дали има случај на различен третман и може да одлучи дали може да се иницира правна постапка основана на дискриминација.

---

# Учење на Занаетот од Иксуството на Соединетите Држави

Во 1997 вработен во НЕКИ поминал една година во Соединетите Држави студирајќи и собирајќи практично искуство за човекови права. Во текот на овој период, работел во Вашингтон во Советот за Рамноправно Здомување[1], кој користи тестирање за да собере докази за здомувачка дискриминација. Советот ги тестира навиките на агенциите за недвижности и газдите кои одбиваат да изнајмуваат станови или продаваат куќи на Афроамериканци и други малцинства. Нашиот колега се врати со многу материјал кој го објаснува овој процес. Нашиот предизвик беше да го адаптираме на нашата ситуација.

Брзо сфативме дека токму тоа и го баравме и почнавме да конструираме наш сопствен тестирачки процес, прилагоден на потребите во Унгарија. Ситуацијата на Ромите е многу различна од таа на малцинствата во Соединетите Држави. Во Унгарија, на пример, не би било толку корисно да се собираат докази за здомувачка дискриминација бидејќи Ромите живеат во толку лоши услови и се ретко во позиција да изнајмуваат, а уште поретко да купуваат куќи или станови. Но сепак, можеме да тестираме случаи на дискриминација во вработување и јавни услуги. Бидејќи нема закон што го забранува тестирањето, не гледавме пречки зошто да не го испробаме.

---

[1]The Fair Housing Council of Greater Washington: 1212 New York Avenue, NW., Suite 500, Washington, D.C. 20005

## Ситуацијата на Ромите кои Живеат во Унгарија

НЕКИ прима повеќе од 100 жалби годишно, најголемиот дел ги засегаат Ромите кои се соочуваат со дискриминација во сите сфери на секојдневниот живот. Како најранливото малцинство и социјална група во земјата, Ромите се најзастапени од сите социјални групи во потребата за заштита: сиромашните, долго невработените, неквалификувани, needуцирани, членови на големи семејства. Во повеќето области на земјата, тие сеуште живеат во периферииите на градовите, некои и во населби одделени од мнозинското не-Ромско население. Со малку исклучоци, Ромскиот народ е уназаден од социјалните и економски промени во последните десет години. Во тек на транзиции, тие се првите што се отпуштаат, и поради нивниот недостиг на едукација ретко имаат пристап до нови работни места. Во селата, стапката на невработеност помеѓу Ромите е скоро 100 проценти. Само во големите градови може да се најде по некој вработен Ром, најчесто вработени нелегално.

Уште од раните 90ти, Ромските заедници често се мети на насилство од омраза. На времето, напади на скинхедси врз Роми се пријавуваа секоја недела. Обликот на предрасуди против оваа малцинска група се промени со време. Наместо отворени напади, сега се распространети задскриени облици на дискриминација.

Работодавач никогаш нема да каже дека не вработува Роми; најчесто ќе каже дека нема веќе слободни места. Шанкер нема да признае дека одбива да понуди услуга на етничка основа; најчесто ќе каже дека местото е преполно.

Поради суптилноста и поради неадекватната правна регулатива на дискриминација, адвокатите кои работат на случаи со човекови права се соочуваат со голема тешкотија да соберат докази и докажат дискриминација. Исто така, Унгарскиот закон во врска со случаи на дискриминација е многу слаб. Според скорешна Директива на Европската Унија во врска со расна дискриминација, на пример, ако се претпоставува дека има директна или индиректна дискриминација, бранителот мора да докаже дека немало кршење на принципот на рамноправен третман. Но Унгарија не се покорува на ова барање и покрај критиките од неколку извештаи за човекови права. Значи, кога се судат случаи на дискриминација, мора да го одбреме класичниот метод на приложување докази, т.е. апликантот мора да докаже дека бил дискриминиран. Ова не е секогаш лесно да се докаже и секој случај на тужителот ќе биде секако поцврст ако адвокатот има повеќе видови на докази за да ја демонстрира дискриминацијата. Употребата на тестирање ни нуди додатна тактика на собирање докази за такви случаи, докази кои би биле клучни во нашиот успех за добивање на случаи со дискриминација.

---

## Тактика на Тестирање

За да се спроведе тактиката на тестирање, треба да се превземат неколку чекори:

- Регрутирање и бирање на тестерите
- Тренирање на тестерите
- Проценување на резултатите од тестирање за да се одлучи дали покажуваат дискриминација и дали организацијата ќе го прифати случајот
- Користење на доказот на суд

Секој од овие чекори ќе биде подетално опишан.

### Регрутирање и Бирање на Тестерите

**Регрутација**
Кога одлучивме да го примениме методот во Унгарија, нашата прва задача беше да собереме потенцијални тестери. Ни требаше листа од тестери од кои координаторите на тестот можат да изберат соодветни парови, имено Ром и не-Ром тестер за секој конкретен случај. Понекогаш користиме два пара тестери да пратат еден ист инцидент (вид го случајот на Лахос Балог подолу). Секој пат кога користиме тестери, треба да избереме личности со слични карактеристики и квалификации. Ни требаше солиден избор.

За да најдеме потенцијални тестери се потпревме воглавно на нашата веќе постоечка мрежа- студенти, лични контакти, новинари и истражувачи. Студентите се докажаа дека имаат флексибилни распореди и генерално беа отворени за нови идеи. Некои новинари беа "превозбудени" и сакаа резултати кои би можеле веднаш да се објават во весниците. Иако објавување на резултатите е важен дел од процедурата на тестирање, правилниот тајминг мора внимателно да се одбере во согласност со потребите на случајот наместо по новинарскиот критериум. Во повеќето случаи на човекови права, претпочитаме да чекаме да започне правната процедура пред да започнеме со медиумско информирање, бидејќи до тогаш ги имаме собрано повеќето докази и има помал ризик за лажни обвинувања.

Преку нашите лични контакти дознавме за некои проблеми. Во скорешен случај, пријател на координаторот на НЕКИ тестот беше најнедоверливиот тестер. Координаторот организираше тестирање на бар во Будимпешта каде што не е дозволено да влегуваат Роми. Неколку минути пред да започне тестирањето, "пријателот" тестер се откажа, кажувајќи дека нешто му искрснало и дека неможе да се појави. Тестирањето мораше да се откаже и седум луѓе мораа да бидат испратени дома.  Координаторот на тестирањето претпоставува дека нејзиниот пријател мислел дека може да си "дозволи" себеси да го откаже тестирањето во последен миг дур и поради неприфатлива причина. Исто така, кога "пријатели" тестери даваат сведочења на суд, бранителите можат да истапат со аргумент дека сведочењето е пристрастно и да не се земе во предвид. Овој проблем  сеуште не се појавил во ниеден судски случај, но подобро е да не се создава причина за приговор.

До сега сме немале потреба да развиеме некоја методичка процедура за регрутација, бидејќи сме можеле неформално да најдеме доволно тестери кога ни требале. Нашите скорешни презентации за работата на НЕКИ и тактиките на тестирање се покажаа како можности за регрутација- луѓе ни приоѓаа и се нудеа да волонтираат. Одлучивме да не бираме тестери преку огласи за работа, како што се прави во Соединетите Држави; прашањето за Ромите е толку вжештено што би имало голем ризик да се пријават провокатори.

**Критериум на селекција:**
Улогата на тестерот е пресудна и следниве барања мора да се исполнети од индивидуите кои учествуваат.

- Немање на криминално досие: Прво и основно, позадината на тестерите мора да биде чиста. Тестерите можат да бидат повикани да се појават пред суд како сведоци, и нивното криминално досие може да го намали нивниот кредибилитет.
- Објективност: Тестерите несмеат да имаат интерес во резултатите од тестирањето, или било каква врска ниту со тужителот, ниту со бранителот.
- Веродостојност: Бидејќи судскиот процес може да трае неколку години, мора да сакаат да останат во контакт со програмата за тестирање подолго време. Способни сме да добиеме субјективна претстава за веродостојноста на луѓето преку нивниот целодневен тренинг. Исто така задолжително им кажуваме однапред дека ако истапиме со случајот, ќе зависиме од нивната достапност да сведочат, дури и ако случајот бара неколку години да се изнесе на суд.
- Прецизност: Мора да бидат добри набљудувачи, способни да ги запазуваат сите битни аспекти на нивниот третман во тек на тестирачкото искуство и подоцна да се присетат и јасно да ги документираат деталите од искуството. Оваа вештина не е лесна да се процени однапред, но по едно искуство со тестирање, координаторот може да ја оцени.

Како додаток на техничките критериуми, тестерите исто така треба да земат во предвид дали се емотивно спремни за оваа задача, која може да биде непријатна, дури и застрашувачка. (види подоле: Грижи и искуства на тестерите).

## Тренирање на Тестерите

НЕКИ нуди две фази на тренирање на тестерите. Откако ќе се регрутираат потенцијални тестери, правиме целодневен тренинг како група. Тогаш, кога ќе се појави тестирачка ситуација во однос на жалба, свикуваме подготвителна сесија за конкретниот случај кој ги вклучува само оние тестери кои ќе учествуваат.

**Целодневен Ориентационен Тренинг**
Првиот тренинг е еднодневен ориентационен за да се запознаат потенцијалните тестери со методот. Ова не е само важна подготовка, туку им дава на тестерите шанса да одлучат дали е тоа задача за којашто сметаат дека се способни да ја извршат и им овозможува на нашите координатори на тестирањето да оценат дали кандидатите се совпаѓаат со нашиот критериум на селекција. Нашиот прв тренинг вклучуваше 15 до 20 луѓе и од таму излезе нашата прва постава тестери. По вториот тренинг имавме постава од 30. Од оваа постава одбравме цврста срж од шест до десет тестери, доволни за нашите тестирачки потреби.

Во тек на оваа тренирачка сесија, тестерите се запознаваат со НЕКИ, со нашата работа, и со типот на случаи во кои може да се користи тестирањето. Презентираме преведена верзија од видеокасета која го објаснува тестирачкиот метод кој го користи Советот за Рамноправно Здомување во Вашингтон.

Тогаш тестерите чекор по чекор ја учат целата тестирачка процедура, вклучувајќи и детален распит на прашалникот што ќе го пополнуваат по секој тест (види Додаток 1, Примерок од Прашалникот). Тестерите исто така имаат прилика да научат за правната процедура која може да биде иницирана и заснована на тестирачките резултати, и како тестирањето може да се искористи за спроведување на човекови права. Откривме дека најкорисниот дел од тренингот е деталната сесија со прашања и одговори.

Тестерите мора јасно да ја разберат нивната улога во тестирањето и во последователната правна процедура. Ако НЕКИ иницира правна процедура заснована на тестирачкиот резултат, од тестерите се очекува да дадат сведоштво на суд. Иако неможеме да работиме со тестерите на нивното сведоштво, се обрзуваме да ги информираме за секој детал од судската процедура, вклучувајќи го и времетраењето на процедурата како и прашањата кои можат да ги очекуваат. Во скорешен случај, еден тестер се изјасни дека несака да оди на суд повеќе од еднаш бидејќи нема време, и не сака да се сретне со бранителот на судењето. Очигледно беше дека го немавме снабдено со доволно информации за правната процедура. Го убедивме да присуствува на судењето, но ситуацијата беше ризична. Сега обрнуваме повеќе внимание за подготвување на потенцијалните тестери.

**Тестирања на тестери за конкретни случаи**
Кога НЕКИ добива конкретна жалба, се одржува втор тренинг за тестерите кои ќе се испратат на местото на наводната дискриминација. Оваа подготовка е одлучна бидејќи тестерите треба да ги разберат спецификациите на конкретната ситуација. Исто така им помага тоа што се навраќаат на основните принципи кои им беа презентирани во почетната тренинг сесија.

Координаторот на тестирањето се сретнува со паровите тестери (Роми и не-Роми), ги запознава со обвинувањето кое го истражува НЕКИ и ги снабдува со информации што треба да ги знаат однапред (адреси, телефонски броеви, имиња). Со помош на координаторот, тестерите го читаат прашалникот и се припремаат за конкретната задача. Во зависност од поплаката, има конкретен тип на информации што сакаме да ги имаат тестерите. На пример, кога Ром не пуштаат во бар или ресторан, тестерите мора да ја дознаат причината зошто бил одбиен. Во неколку случаи, обезбедувањето отворено им кажа и на тужителот и потоа на тестерот дека управата не пушта Роми бидејќи прават проблеми. Тестирањето обезбедува повеќе сведоци на дискриминации како оваа, со што се олеснува докажувањето на дискриминацијата на суд.

## Договорот

Работата на тестерите е презентирана во договор кој го потпишуваат и тестерот и НЕКИ. Во овој договор, тестерот се согласува со следното:

- Тестерот ќе го изврши тестирањето на дадено место.
- Прашалникот ќе се пополни во 20те минути после тестирањето.
- Во тек на тестирањето, тестерот ќе се однесува нормално и нема да го изразува неговото/нејзиното мислење. Кога ќе го пополнува прашалникот, тестерот детално ќе ја опише ситуацијата.

- Ако се случи нешто неочекувано пред, за време на, или после тестирањето, тестерот веднаш ќе го исконтактира координаторот на тестирањето.
- Во случај на правна постапка, тестерот ќе се појави пред властите и ќе сведочи за неговите/нејзините искуства.
- Тестерот нема да го открие резултат од тестирањето на трета странка. Пред и по тестирањето, тестерот нема да даде информации во врска со тестирањето на трети странки без дозвола на НЕКИ.
- Тестерот мора да ги следи инструкциите на координаторот на тестот.
- Во истиот договор, НЕКИ се согласува на следното:
- НЕКИ ќе обезбеди правна помош за тестерот ако е потребна во врска со тестирањето.
- НЕКИ нема да открие никакви информации за тестерот на трети странки без негова/нејзина дозвола.
- Хонорар за тестирањето: По тестирањето, НЕКИ ќе му исплати 5.000 форинти на тестерот. Во случај на судска процедура, НЕКИ ќе исплати по 5.000 форинти од ден за компензација на загубеното работно време на тестерот.

## Грижи и Искуства на Тестерите

Да се биде тестер не е лесно, ниту пак секогаш пријатно. На пример, Б. Беркс, еден од нашите тестери, зборуваше за нејзиното тестирачко искуство во популарен клуб во Будимпешта во Август 2002:

> "Иако бев подготвена да ме одбијат, чувството што го имав на влезот беше многу попонижувачко отколку што очекував. Цело време мислев на ситуацијата, учествувајки таму со моите Ромски и не-Ромски пријатели. Незнам како би се однесувала во вистинската ситуација."

Не е ретко тестерите да имаат мешани чувства за искуството- посебно Ромските тестери. Учествувањето во тестирање е свесен избор за намерно да се ставиш во ситуација каде што луѓе ќе те понижуваат. Ромскиот народ, и членови на било кое малцинство кое се соочува со дискриминација, постојано се соочуваат со ова понижување и не им треба уште од тоа. Секоја ситуација на понижување е штетна за личноста, дури и ако е производ на добра цел. Но додека на тестерите не им се "допаѓа" да го прават тоа, тие изјавуваат чувство на исполнетост кога тестирањето е успешно- кога НЕКИ ќе придобие доволно информации да го застапува тужителот.

Слични грижи се пројавуваат и во припремните сесии за тестерите: "Што ако ме навредат, малтретираат, нападнат? Што ако слушнам расистички коментари?" Персоналот на НЕКИ секогаш нагласува дека тестот не е толку важен како индивидуата, и ги охрабрува тестерите да се грижат за нивната сопствена сигурност и емоционално здравје. Од тестерите се бара да на малтретирање одговараат пасивно, и да заминат веднаш кога ќе се осетат ранливи. Се предупредуваат да не се вклучуваат во расправија или вжештена дискусија која може да доведе до насилство. Тие се советуваат да го користат својот суд за да одберат најдобро решение во дадена ситуација.

Друга вообичаена грижа се јавува од евентуалната потреба на тестерите да сведочат на суд. Бидејќи повеќето луѓе немаат искуство со судот, многу од нив се осеќаат заплашено од судскиот систем, посебно ако се член на малцинство кое се соочува со нееднаков третман од правниот систем.

Покрај овие грижи, луѓето продолжуваат да учествуваат во тестирањата. Се осеќаат позитивно во врска со нивниот придонес за застапничкиот процес, и изјавуваат охрабрувачки искуства од судницата. Еден тестер- студент на право, последна година на правниот факултет- одбра да дојде и стажира во НЕКИ.

## Извршување на Тестирањето

Откако НЕКИ ќе ја прими жалбата, одлучуваме дали да иницираме тестирање. Мноштво од жалбите излегуваат дека не се дискриминаторски инциденти. За оние случаи кои претставуваат валидни дискриминаторски жалби (околу 30 во година), прво ги собираме сите можни податоци за ситуацијата. Ова собирање на факти некогаш и само по себе има позитивен удел. Може да напишеме писмо до локалната управа или сопственикот на навредувачката компанија, и можно е тие да покажат желба да направат промени без понатамошни правни чекори.

Кога веруваме дека тестирањето ќе помогне да се соберат докази за потенцијална парница, одлуката за тестирање најчесто мора да се донесе многу брзо. Во случај, на пример, кога некој ќе биде одбиен од работа, тестирањето ќе има функција само ако можеме да пратиме потенцијални кандидати додека тоа работно место е уште отворено, бидејќи е неопходно тие да аплицираат за истата работа под исти околности за нивното искуство да биде сметано за правно релевантно со искуството на првичниот тужител. Значи, еднаш кога ќе одлучиме да спроведеме тест, брзо бираме тестери, ги тренираме и го планираме тестот.

Тогаш тестерите се испраќаат на местото на наводната дискриминација. Го заведуваат нивното искуство преку прашалник веднаш по завршувањето на тестот, каде што известуваат за сите детали од нивниот третман.

Координаторот на тестот тогаш може да оцени од овие податоци дали имало дискриминаторски третман, и да одлучи дали има основа да се иницира правна постапка.

### Процедурата Вклучена во Извршување на Тестирањето:

- Собирање податоци и одлучување за корисноста на употреба на тестери во конкретниот случај
- Бирање на паротт тестери (Ром и не-Ром)
- Спроведување на тренинг на овие тестери за конкретниот случај
- Потпишување на договорот со тестерот
- Испраќање на тестерите
- Враќање на тестерите во канцеларијата и нивно пополнување на прашалниците
- Проценување на податоците добиени од тестовите

---

## Пример:
## Случајот на Лахос Балог

Можеби најдобриот начин за да се разбере употребата на тестирањето е да се разгледа конкретен пример на неговата употреба.

Покрај фактот дека до сега нема крајна пресуда за ниту еден случај на дискриминација при вработување во Унгарија, случајот на Лахос Балог вреди да се проучи детално. Резултатите од тестирањето беа недвосмислени, и случајот го објаснува секој чекор на тестирачката процедура. Случајот беше исто така важен бидејќи Работниот Код е единствениот закон во Унгарија што обезбедува соодветни анти-дискриминаторски мерки. Бидејќи овие мерки не се превзеле никогаш пред овој случај, за нас беше важно да одиграме улога во нивната интерпретација и да ги спроведеме.

### Жалбата

Лахос Балог го прекина неговото универзитетско образование поради финансиски потешкотии и бараше вработување. Во Февруари 1999, откако прочитал оглас за работа  во весник, аплицирал за работа преку телефон. Т-Компанијата барала луѓе да делат летоци. Операторот му кажал на апликираниот дека има слободни места и го повикал на лично интервју. Кога пристигнал во канцеларијата, било побарано да пополни формулар со лични информации. Како одговор на нивното прашање, рекол дека извршувал слична работа и предходно. Не му биле поставени понатамошни прашања и му рекле да се јави за два дена. Г-дин. Балог отишол во канцеларијата лично и тврди дека го видел својот формулар со зборот “циган” напишан врз него со задебелени букви. Не му било кажано ништо конкретно, едноставно му рекле да се јави повторно за два дена. Упорно му било кажувано да се јави повторно, но на крај му кажале дека нема веќе слободни места.

Г-дин. Балог веднаш им пристапи на НЕКИ, тврдејќи дека не бил најмен за работата поради своето Ромско потекло и дека неговото тврдење е поткрепено со натписот на формуларот. Формуларот не му беше вратен, туку беше фрлен во негово присуство. За да го докажеме овој типичен случај на дискриминација, решивме да го тестираме процесот на регрутација.

### Тестирачките Чекори

**Подготвување на тестерите**
Координаторот на тестот одбра два пара тестери со карактеристики слични на оние од првобитниот Ромски тужител. Сите беа студенти со потреба од приход. Пред да ги и

испратат, координаторот ги повика во канцеларијата и ги снабди со информациите потребни за да го спроведат тестирањето. На тестерите им беше кажана приказната на првобитниот тужител, и им беа дадени прецизни инструкции со помош околу прашалникот кој требаат да го пополнат по тестирањето. Исто така беа информирани за можноста на судско сослушување, и им беше кажано дека е можно да бидат повикани да дадат сведочење во врска со нивните искуства.

Имаме општ прашалник кој е применлив за различни случаи, и го корегираме за секој конкретен случај. Важно е тестерите да знаат однапред на кои детали треба да обрнат внимание, какви прашања можат да се појават на интервјуто и посебно прашањата на кои сме особено заинтересирани да добиеме одговори.

**Искуството на тестерите**
Првите два тестери аплицираа за работата на 29 Април, 1999, повторувајќи го однесувањето на првичниот тужител. Ромскиот тестер се јави во фирмата, а половина час подоцна по него следеше не-Ромскиот тестер. Потоа отидоа да се распрашаат лично. Двајцата ги пополнија формуларите и им беше кажано да се јават подоцна. Другиот пар тестери аплицираше по неколку дена. Сите четири кандидати се јавија во компанијата и открија дека двата не-Ромски тестери беа регрутирани, додека двата Ромски тестери не беа.

Регрутираните тестери потпишаа договор и им беа дадени летоци да ги дистрибуираат. За да ја утврдиме дискриминацијата, им кажавме на тестерите да не ја извршат работата, туку да ги вратат летоците и да кажат дека работата била премногу проблематична. Тој ден пративме друг Ромски тестер, знаејќи дека сигурно има работно место. Тој го пополни формуларот и исто така беше одбиен од компанијата по телефон. Фирмата одби да најми четворица Роми за работа која не бараше ниту професионална вештина ни високо ниво на образование.

**Проценување на прашалниците и продолжение**
Тестерите се вратија после секој тест и ги пополнија прашалниците, давајќи детали за нивните искуства. Во секој случај, НЕКИ мора да ги анализира овие информации и да одлучи дали нудат чисти докази на дискриминација. Ако неможеме да најдеме доволно докази, мораме да го информираме тужителот дека неможеме да продолжиме со случајот. Но ако резултатите од тестирањето покажат дискриминација, можеме да иницираме правна постапка.

Во случајот на Лахос Балог, резултатите од тестирањето беа доволно конзистентни и нудеа корисни докази. Во име на првобитниот тужител, НЕКИ поднесе тужба против компанијата, повикувајќи се на Дел 5 од Работниот Код. Тужителот е првобитниот поднесувач на жалбата на кој му се нарушени основните човекови права, и петте тестери можат да сведочат за дискриминаторската постапка на процесот за регрутација на компанијата. Навидум, случајот не изгледа многу комплициран. Има цврст доказ кој може да ја докаже дискриминацијата, тестерите се спремни да дадат објективни сведочења во врска со своите искуства, и добро познат адвокат за човекови права го претставува тужителот, додека компанијата е без правно застапништво. И покрај тоа, требаше три година за судот само да одлучи дали случајот спаѓа во нивната јурисдикција. Судењето на случајот не е уште ни започнато. Тоа значи дека конечната одлука е многу далеку, така што неможеме да го предвидиме ниту исходот на процедурата, ни реакцијата на судијата на резултатите од тестирањето.

## Резултати

До ден денес, НЕКИ има испратени тестери 15 пати. Во три случаи неможеше да се комплетира тестирањето поради различни причини. Од 12те комплетирани тестови, пет не изродија докази на систематска дискриминација. Останатите седум тестови беа убедливи показатели на дискриминација, доволно да оправдаат парница. Од овие седум, НЕКИ иницираше шест анти-дискриминаторски процеси. Три од овие процеси уште висат.

Од трите комплетирани случаи каде што се користеше тестирање, добивме два и изгубивме еден. Тестерите се појавија на суд секој пат, и нивните докази беа прифатени од судијата без оспорување или сомневање. Во двете успешни парници, судијата ги прифати податоците од тестирањето како доказ на дискриминација.

НЕКИ верува дека податоците беа одлучувачки елемент во овие победи. Во третиот случај, судијата заклучи дека доказите од тестирањето, иако валидни, не беа доволни да докажат дека тужителот почуствувал дискриминација.

НЕКИ е единствената правна фирма во Унгарија која ја користи оваа тактика. Сепак, и други адвокати за човекови права препраќаа случаи до НЕКИ кога мислеа дека тестирањето би било битно во собирањето докази.

### Користење на Тестирање за Спогодби Надвор од Судот

Во еден случај каде што тестирањето демонстрираше дискриминација, НЕКИ не иницираше правна постапка. Наместо, му пријдовме на бранителот во врска со преговарање за многу побрза спогодба надвор од судот. Му го објаснивме случајот и на тужителот и податоците од тестирањето и неговиот адвокат веднаш ја препозна јачината на нашиот случај. НЕКИ веќе има добиено судски случаи користејќи докази од тестирања. Бранителот сакаше да го избегне судот, и на НЕКИ и тужителот им беше во интерес побрзо решение. Странките успешно преговараа, и договорија спогодба за помалку од три месеци. Во конечното решение, бранителот јавно се извини, ги отпушти навредливите вработени и плати компензација на жртвите- компензација пет пати повисока од било која добиена на сличен случај во суд.

Во еден поскорешен случај, тужители наведоа дискриминација во пристап до многу добро познат клуб во Будимпешта. Бидејќи инцидентот вклучувал бројни сведоци, тестирање не беше потребно. НЕКИ му пристапи на сопственикот за да му предложи преговарање. Иако сопственикот изјави отвореност спрема ова, сакаше да дебатира за јачината на случајот. НЕКИ, како и да е, нема да преговара за фактите на случајот- за тоа дали се случила дискриминација- туку само за спогодбата. Во овој случај, преговарањето заврши и случајот ќе биде однесен на суд.

НЕКИ очекува тестирањето да се покаже се покорисно во случаи каде што би било возможно да се преговара без парница.

---

## Применување на Тактиките во Правни Случаи: Важни Прашања што Треба да се Земат во Предвид

Според нашите искуства, без помош од организација со време, ресурси и правни вештини, би било невозможно да се покренат парници за дискриминаторски случаи во Унгарија. Ова е јасен знак дека Унгарскиот дискриминаторски закон не е ефективен и не служи во интерес на жртвите на кршење на човекови права. Ако се соочиш со слична ситуација во твојата земја, каде што дискриминацијата е распространета и жртвите и нивните адвокати имаат потешкотии да го докажат тоа на суд, можеш да земеш во предвид да го зголемиш својот напор со тестирачките тактики што се објаснети тука. Се надеваме дека описот на нашиот труд ќе ти даде јасни идеи кои чекори да се превземат и на што да се внимава, посебно кога станува збор за одбирање, тренинг, и користење на тестерите.

Исто така предлагаме да земеш во предвид и некои додатни прашања и лекции, различни од тие што ги изведовме од нашето искуство.

Дискриминаторски закони: Користењето на тестирањето за правни цели секако ќе треба да се приспособи на одредбите на државниот закон за дискриминација. Некаде државата ја признава и јурисдикцијата на интернационалниот закон, и тоа може да се искористи како основ за правна акција спрема дискриминација. Која и да е правната рамка, кога се има случај каде што треба да се докаже дискриминација, најчесто требаат докази што покажуваат дека инцидентот не бил единечен, туку пример на систематско дискриминациско однесување. Методот на тестирање може да биде моќен метод за создавање на такви докази.

Ресурси: Тестирачкиот метод што НЕКИ го разви за да снабдува докази за дискриминација чини време и пари. Бара организирана средина со добро опремена канцеларија, добро обучен координатор на тестирањата и обучени тестери. Како би се користеле резултатите од

тестирањата во парница, овие инвестиции мора понатаму да бидат поткрепени со професионални адвокати кои се желни да водат дискриминаторски случаи низ судскиот систем.

Кој би бил тужителот?: Во случај каде што тестирањето открива дискриминација, и првобитниот тужител и тестерите доживеале прекршок. Иако тестерите е можно да поминат низ понижувачки третман за време на тестирањето, нивната намера е различна од таа на првичниот пријавен. Во случаи на дискриминацијапри вработување, на тестерите не им треба работа, и се вработени од страна на НЕКИ само да го тестираат начинот на регрутација. Последователно, нема правна основа да бидат вклучени во процедурата како тужители. НЕКИ затоа иницира правни процедури само во име на првобитниот тужител, и ги користи сведочењата на тестерите кога истапува со докази.

Ситуацијата во случаи на јавно прифаќање е различна. Во неколку примери, НЕКИ покрена случаи во име и на првобитниот тужител и на тестерите. Тука, намерата на тестерите не се разликува многу од таа на првобитниот тужител, и тестерите ја кажуваат вистината дека едноставно сакаат да влезат во јавно место. Во скорешен случај, Ромските тестери го прашаа НЕКИ да ги “искористи” нив како тужители бидејќи се осетиле понижени кога сакале да влезат во местото и отворено биле одбиени поради Ромското потекло. Оваа граѓанска тужба е уште во подготовка и реакцијата на судот спрема правната позиција на тестерот неможе уште да се утврди.

Видови на случаи: НЕКИ работи со случаи на расна дискриминација што воглавно го засегаат Ромскиот народ што живее во Унгарија. Исто така има и многу дискриминација на други основи, како на пример пол, возраст, раса, јазик, религија и политички ставови. Правната заштита е потребна во сите овие случаи. Ако тестирачкиот метод работи во случаи на расна дискриминација, би требало да работи и во овие други видови на случаи. Во Унгарија, каде што тестирачките резултати и последователните судски процедури се објавуваат во медиумите, веројатно е дека и други организации за човекови права ќе го испробаат методот во нивните случаи.

---

## Користење на Тестирачките Тактики на Други Начини

Тестирањето може исто така да биде корисна тактика за собирање докази за лобирање или јавна едукација. Унгарија, на пример, зема во предвид нова анти-дискриминаторска парница, и им дозволува на НВО (Невладини Организации) официјално да коментираат како дел од овој процес. Коментарите на НЕКИ го вклучуваа и аргументот дека неопходноста на тестирањето е сама по себе доказ за слабоста на сегашните анти-дискриминаторски закони. НЕКИ изведува годишен јавен извештај каде што ја скицира својата работа, случаи и резултати на тестирачките искуства. За некои случаи, обично во покасните фази на парницата, НЕКИ исто така известува тестирачки докази во медиумите. Овој публицитет придонесува за јавна едукација во врска со потребата да се елиминира дискриминацијата.

Научивме многу преку нашите искуства со тестирањата. Сигурни сме дека има уште многу места во Унгарија каде што се случуваат дискриминациски дела. И сепак, во споредба со размерот на правиот проблем, само малку луѓе бараат помош од НЕКИ. Додека НЕКИ користи тестирање кога добива жалба за наводна дискриминација, тоа е секако тактика што може да се примени и за други цели:

- Тестирањето може да се користи проактивно за да се демонстрира и обелодени дискриминаторско дело во индустрија или компанија. Поширока примена на тактиката, на пример, може да вклучи спроведување на тестови без првобитен тужител како би се препознало дали индустријата систематски дискриминира луѓе по основ на националност, раса, пол, или онеспособеност (како на пример ХИВ/СИДА). Резултатите од овие тестови потоа можат да се користат за лобирање на промени во праксата или преку последователна парница или јавна едукација.

- Тестирањето може да се искористи и за разоткривање на расистички ставови посебно во гранките на владата. Еден Руски колега, на пример, посочи дека во неговиот град можеби има луѓе од Кавказ кои би аплицирале во полициската академија, и тука би можело да се тестира праксата на најмување.
- Тестирањето може исто така да се изврши и во поголеми рамки за да се потврди постоењето на дискриминација во некоја област и да изврши притисок врз организации да не се користат со таков однос. Серија на тестови може да се спроведе за да се види дали луѓе од различни раси се третираат различно во ситуации каде што често се појавува малтретирање или дискриминација, како на пример пешачење или возење на одредени места. Тактиката треба да се прилагоди на ситуацијата, и тестирањето би било продоложено на неколку недели.

---

## Заклучок

Ситуацијата во Унгарија не е единствена. Дискриминацијата има многу лица и е распространета во повеќето општества во светот. Тоа е толку раширен проблем, што всушност, многу земји- можеби повеќето- имаат некои правни рамки за соочување со оваа злоупотреба на права, која не се толерира под интернационалниот закон за човекови права. Тестирачкиот метод има корист од таквите правни рамки, но исто така препознава дека државните анти-дискриминациски закони се небаре секогаш недоволно разработени за да ја заштитат жртвата (некој закон дури и индиректно го штити извршителот на злоделото со тоа што ја отежнува парницата). Каде што постојат закони, најчесто не се спроведуваат, и товарот на доказите знае да биде неверојатно предизвикувачки.

Веруваме дека тестирањето како алатка може да нé доближи за еден мал, но битен чекор поблиску до справување со тој предизвик. Со зголемена употреба, ќе промовира и охрабри повеќе парници против дискриминација. Таа парница, и јавното образовно ниво во врска со тестирачките резултати во и од нив, ќе допринесат да се крене јавната свест против дискриминација- конечно зближувајќи нé до култура на почит спрема човековите права. Тестирањето ни помогна во Унгарија. Се надеваме дека ќе ви биде корисно во вашата работа.

# Белешки

# Белешки

**За комплетна листа на изданија достапни во Серијалот Тактички Белешки, посетете го** www.newtactics.org.

Исто така може да најдете онлајн пребарувачка база на податоци на тактики и форуми за дискусија со други работници за човекови права.


The Center for Victims of Torture
New Tactics in Human Rights Project
717 East River Road
Minneapolis, MN 55455
cvt@cvt.org